Бр. 12-2607/5
19-08-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26 и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од подносителот ----------------- од Ш-----, Државната комисија за спречување на корупцијата на 21-та седница одржана на ден 12 август 2019 година донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката покрената по пријава бр. 12-2607/1 од 06.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ---------------- од Ш---- - за утврдување на прекршувања на одредбата од член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и на одредбата од членот 8-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/2019).

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2607 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2607/1 од 06.05.2019 година.

Предметот со број 12-2607 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2607 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2607/1 од 06.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ---------------- од Ш-----.

Со пријавата се изразуваат сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, односно за прекршување на одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во делот на забранети


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

дејствија на јавни институции од денот на распишување на изборите и во тек на изборна кампања на претседателски избори 2019 и истата е доставена против Државен ----------------- ПЕ Ш----, заради барање за постапување од страна на Националната установа ------------------- Ш---- по констатирани неправилности при извршен инспекциски надзор, за поведување на постапка за престанок на работен однос на вработен во националната установа, во периодот на изборен процес - од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалници во Република Северна Македонија во 2019 година.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителот за прекршување на одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во делот на забранети дејствија на јавни институции од денот на распишување на изборите и во тек на изборна кампања на претседателски избори 2019 од страна на Државниот -------------- ПЕ Ш---- и изврши соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност.

Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барање заради прибавување на податоци и информации за посоченото прекршување на одредбата од член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на одредбата од членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик - од Националната установа ---------------- Ш----, во одговор на кое кај Државната комисија за спречување на корупцијата е примен одговор - писмено бр. 12-2607/4 од 22.05.2019 година, според кој од националната установа, односно од в.д. директорот на установата не бил даден отказ - престанок на работниот однос на кандидатот вработен на работно место --------------, односно не било постапено по барањето на инспекторатот и не била поништена Одлуката за вработување во делот на извршениот избор на кандидатот поради установено несоодветно образование при извршениот увид од инспекторот на Државниот ------ ------ од Ш--------, како и дека го известиле Државниот ----------- од Ш--------- дека до завршувањето на изборот на претседател на Република Северна Македонија нема да постапат по нивното барање.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај

променета е фактичката состојба по што оцени дека Државната комисија нема елементи за натамошно надлежно постапување во овој предмет, а националната установа да се информира дека со оглед на фактот дека е завршен изборот на претседател на Република Северна Македонија од страна на националната установа треба да се постапи по констатираните неправилности и по барањето на Државниот --------------- ПЕ Ш---- при инспекцискиот надзор извршен на ---.03.2019 година и на ---.04.2019 година.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:**

Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 05 август 2019 година под бр. 12- 2607/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk